


# HELP интернет курс за

# ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИТЕ

## Основни информации и цел

**Слободата на изразување и слободниот проток на информации се темели на јавната дебата и демократијата.**

Но сепак, слободата на изразување и безбедноста на новинар(к)ите во Европа денес се соочуваат со **големи предизвици**. Во многу земји, новинар(к)ите и другите медиумски чинители се соочуваат со **закани** како што се цензура, политички и економски притисок, заплашување, несигурност на работното место, злонамерно користење на законите кои ја регулираат клеветата како и физички напади. Овие дела честопати се извршуваат во еден нетолерантен контекст на **неказнивост**, што поттикнува рецидивизам и ефект на одвраќање кај слободата на медиумите. Уште една опасност за новинар(к)ите и нивните извори потекнува од законите за вршење надзор кои се донесени во некои држави во исклучителни околности, и од честото користење на вонредни правни процедури, што исто така може да доведе до самоцензура во медиумската заедница.

Врз основа на Европската конвенција за човекови права и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, земјите членки имаат и **негативни и позитивни обврски за заштита на новинар(к)ите**. Тие не само што мора да се воздржат од заплашувачки политички декларации или од судски практики против медиумските чинители, туку тие исто така имаат должност и активно да им овозможат целосна законска и судска заштита за да создадат опкружување погодно за новинарски активности. Потребна е силна и конкретна правна рамка во сите земји-членки за да се постигне имплементација на стандардите на Советот на Европа, заедно со ефективно спроведување на заштитата на медиумските чинители од страна на судството.




Funded by the European Union and the Council of Europe — EUROPEAN UNION — COUNCIL OF EUROPE / CONSEIL DE L'EUROPE — Implemented by the Council of Europe

Овој бесплатен ХЕЛП онлајн курс има за цел да им помогне на правните експерт(к)и , но и на новинар(к)ите и на оние кои го спроведуваат законот, во препознавањето и справувањето со заканите кон новинар(к)ите и другите медиумски чинители.

Темите се обработуваат на практичен начин, со употреба на презентации, интерактивни екрани, тестови за знаење и вежби за рефлексија.

Курсот е објавен во месец јули 2020 год.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE / CONSEIL DE L'EUROPE
Имплементирано од Советот на Европа

## Целна публика

Овој бесплатен онлајн курс првенствено е наменет за сите **правни експерт(к)и** (како судии/јки, обвинител(к)и, адвокат(к)и или вработени во судовите), како и за **новинар(к)и** и **службеници задолжени за спроведување на законот**.

Курсот може да се користи и од други јавни органи, како што се национални институции за човекови права, граѓански организации, студенти, итн.

## Структура на курсот

Целокупното времетраење на курсот е приближно **10 часа** и се состои од **5 практични модули**.

**Модул 1: Клучни стандарди и принципи** (вовед во темата, слобода на изразување, новинар(к)и и други медиумски чинители)

**Модул 2: Закани против новинарството** (закани против новинар(к)и, влијание на тие закани, одговор на заканите)

**Модул 3: Законски рамки, механизми и алатки** (правни рамки на Обединетите нации, Советот на Европа, ЕУ и ОБСЕ, механизми и алатки за заштита на новинар(к)ите, вклучително и Платформата на Советот на Европа за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите)

**Модул 4: Физички и психолошки интегритет** (позитивни и негативни обврски на државата, практични и процедурални аспекти на обврските на државата; неказнивост за злосторства против новинар(к)и и ефекти од неказнивоста)

**Модул 5: Новинарство во акција** (обезбедување вести: пристап до места и настани, пристап до информации од јавен карактер, заштита на извори и укажувачи итн.; објавување: практични и процедурални законски ограничувања; новинарството на судење; спроведување на законот и новинар(к)и)

На крајот од секој модул има квиз и резиме на модулот.

## Развој и имплементација на курсот

Курсот е подготвен заеднички од **Секторот за информатичко општество на Советот на Европа** и **Програмата ХЕЛП** (Едукација за човекови права за правните професионалци), во рамките на заедничкиот проект на Европската унија/ Советот на Европа: **Слобода на изразување и слобода на медиумите** (JUFREX 2).

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Имплементирано од Советот на Европа

Во 2020 година, курсот ќе биде преведен на соодветните јазици и ќе биде имплементиран во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Србија, Црна Гора и Северна Македонија.

** Вaквото определување нема за цел да го прејудицира ставот во однос на статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот на безбедност на Обединетите нации и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата за независност на Косово.*

## Пристап до бесплатниот онлајн курс

Курсот е јавно достапен преку ХЕЛП платформата: http://help.elearning.ext.coe.int/. За пристап ќе треба да отворите ХЕЛП кориснички профил, доколку веќе немате ( 2 минути).